СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-1897/2

30.07.2024 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 36-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 30.07.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10.30 часот

Седницата во 10.30 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири. Присутни беа советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи, Агим Садику, Абдула Сејдини, Арѓент Асани .

Отсутени беа советниците Миѓен Зендели, Лазе Јаќимоски, Валбона Адили Емини.

На седницата беа присутни и Анета Настеска Секретар на општина Кичево, Валдет Селими, Фјола Алиу, Флорика Манакоска Цветаноска, Дарко Белевски и Александра Анаќиоска претставници од општинската администрација.Директорите од ООУ „Владимир Полежиноски“, ООУ „ Кузман Јосифоски Питу “ Кичево, ОУ„Санде Штерјоски“ Кичево,ЦОУ„Христо Узунов“ с.Другово, ООУ„Ѓ.К.Скендербег“, с.Србица, ЦОУ „Милто Гура“ с.Стрелци, ЦОУ„Наим Фрашери“ с.Јагол ,ОУ„Реџо Рушит“ с.Зајас, ОУ „Фаик Коница“ с.Грешница како и директорот на ЈОУ„Олга Мицеска“ Садик Ахмети.

**Претседателот на советот** на почетокот од седницата праша дали има некој забелешка на Записникот од 35-та седница на советот која што беше одржана на 27.06.2024 година.

**Михајло Данилоски** имаше забелешка за неговата изјава каде што побарал да се повлече  првата точка од Дневнииот ред но не поради неиформираноста на советниците, туку поради тоа што не се одржала Комисија за финансии и буџет.

**Агим Садику** како и многу пати досега има забелешка за преводот од македонски на албански јазик .Пример советникот даде со неговата претходна изјава каде што „ Агим Садику ја поздравува одлуката за давање на парична помош на ученици" истата била преведена со зборот студенти. И замолува тоа да се корегира и  да не се прават учениците студенти.Истакна како и секогаш дека не е задоволен од преводот и лошо е тоа што не се преземале мерки за да се реши тој  проблем и да се корегираат грешките.

**Претседателот на советот Скендер Џабири** истакна дека општинската администрација ги евидентирала овие две забелешки на двајцата советници **Михајло Данилоски** и **Агим Садику** и дека истите ќе бидат корегирани.

Бидејќи никој друг  не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување  Записникот од   35-та седница на советот со измените и забелешките на истиот,  одржан на 27.06.2024 год.

Записникот беше усвојен со19 гласа ЗА,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ (нема).

Пред да се премине на разгледување на Дневниот ред **Претседателот на совет** им соопшти на советниците дека треба да ја констатираат оставката на советникот Лазе Јаќимоски која што ја добил во писмена форма. Во изјавата советникот Лазе Јаќимоски Изјавува дека при потполна свест и без било каква принуда се откажува од функцијата советник на Советот на Општина Кичево и дека е согласен мандатот да се пренесе на последодавателниот кандидат за советник од Листата на ВМРО ДПМНЕ.Претседателот на  совет ја задолжи општинската администрација да

ја извести Општинската изборна комисија и да се следат понатамошните постапки за да се дополни советничкото место.

Како советници ние само можеме само да ја констатираме оставката на советникот **Лазе Јаќимовски** изјави **Претседателот на совет**.Да се напомене во записникот дека Оставката е прифатена.

Советот ја констатира оставката на советникот **Лазе Јаќимоски**.

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог Годишна Програма за подршка на Локалниот економски развој на Општина Кичево за 2024година.
2. Усвојување на Изваштајот за работата на ЈОУДетска градинка„Олга Мицеска"Кичево за 2023-2024 година.
3. Усвојување на годишниот План за вработување за 2025 година и балансер на ЈОУ Детска градинка „Олга Мицеска"Кичево.
4. Усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2024-2025 година на ЈОУДетска градинка„Олга Мицеска" Кичево.
5. Усвојување на годишен извештај за работата на ОУ„Санде Штерјоски" Кичево за учебната 2023-2024 година.
6. Усвојување на Годишната Програма за работа за учебната 2024-2025 година на ООУ„Владмир Полежиноски" Кичево.
7. Усвојување на годишниот извештај за работата на ООУ„Владимир Полежиноски"Кичево.2023-2024 гидина.
8. Усвојување на годишен извештај на ЦОУ„Милто Гура" с,Стрелци за учебната 2023-2024 година.
9. Усвојување на годишен извештај за работата на Цоу„Наим Фрашери"с.Јагол Доленци за учебната 2023-2024 година.

10. Усвојување на Годишната Програма за работа на учебната година 2024-2025 на ЦОУ„Наим Фрашери“ с.Јагол Доленци Кичево.
11. Усвојување на годишниот извештај на ОУ„Реџо Рушит Зајази“ с.Зајас за учебната 2023-2024 година.
12. Усвојување на Годишната Програма за работа за учебната година 2024-2025 на ОУ„ Реџо Рушит Зајази “ с.Зајас.
13. Усвојување на годишниот извештај за работата на ОУ„Фаик Коница“ с.Грешница за учебната 2023-2024 година .
14. Усвојување на годишен извештај за работата на ЦОУ„Христо Узунов“ с..Другово за учебната 2023-2024 година.
15. Усвојување на годишен извештај за работата на ООУ„Кузман Јосифоски-Питу“ Кичево за учебната 2023-2024 година.
16.Усвојување на Статутот во ООУ„Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.
17. Предлог Одлука за давање согласност за поднесување на Предлог за експропријација.
18. Разно.

**Претседателот на совет Скендер Џабири** откако го прочита Дневниот ред отвори дискусија за истиот.

Збор зема советничката **Валентина Лазаревска** која што истакна дека точката под реден број 12 која гласи Усвојување на Годишната Програма за работа за учебната 2023-2024година на ОУ„Реџо Рушит Зајази“с.Зајас била всушност Годишен план за вработување во истото училиште и кај советниците е доставен материјал од истиот.**Валентина Лазаревска** предложи да се корегира точката и да гласи како Годишен план за вработување во ОУ„Реџо Рушит Зајази“.

Исто така **Валентина Лазревска** истакна дека нема информации дека се одржала Комисијата за Статут и прописи и побара да се повлече 16 точка односно Усвојување на Статутот на ООУ„Кузман Јосифоски-Питу“ Кичево.Следна причина за повлекување на оваа точка е тоа што како вработена во истото училиште е запознаена со тоа дека училиштето има Статут.Тој Статут бил усвојен на 47 седница која што била одржана на29.04.2021 година.Тогаш бил донесен Статутот и истиот бил излезен во Службен гласник на Општина Кичево.

Истакна дека позитивното мислење од страна на Советот на Општина Кичево заедно со Статутот на училиштето требало службата на училиштето да го достави до Министерството за образование од каде што требало да се добие согласност за Статутот.

**АБДУЛА СЕЈДИНИ** се изјасни дека според законот на ООУ„Кузман Јосифоски-Питу советниците треба да знаат која е неопходноста од измената на Статутот и неговото донесување.Како второ напомена советникот во врска со Статутот дека после усвојувањето на Училишниот одбор, согасност треба да се добие од МОН,по претходно позитивно мислење на оснвачот.

Како советници требало да им биде јасна целата постапката односно после давањето на согланост од Советот и постоењето на Одлука од 2021 год. Периодот бил краток и на советникот не му било јасно зошто е потребата Статутот повторно да се усвои од Советот.За ова советникот побара дополнителни информации за да знаеле советниците како да дејствуваат.

**Претседател на совет**.истакна дека имало доста нејаснотии околу оваа точка.Како постапка училиштето направило пропуст и Статутот навреме не го доставиле до Министерството.Ако не се разјаснело целосно прашањето околу Статутот можеби ќе било подобро точката да се оставела за следната седница истакна Претседателот на совет.Доколку се одржела Комисија за Статут и прописи можеби ќе им била појасна целата ситуацијата на советниците. Го замоли Валдет Селими ако може од законски аспект да ја објасни настаната проблематика.

**Валдет Селими** појасни дека за 16- точка усвојување на Статутот на ООУ„Кузман Јосифоски-Питу“ е известен од директорката Ирина Стојаноска која го информирала дека во времето кога бил донесен Статутот на училиштето ,службите не го доставиле навремено до Министерството за образование.Поради тој пропуст од училиштето било побарано повторно Статутот да се усвои од Советот и истиот да се испрати до Министерството за образование.Валдет Селими изјави дека кога ќе пристигнела директорката самата ќе образложела за неопходноста на самата точка.Потоа советниците имале право да ја усвојат или да ја повлечат 16-точка од Дневен ред.

**Дренуше Далипи** изјави советниците да имаат разбирање за тоа што претходната директорка навреме не го доставила Статутот до МОН.Причината за тоа било смртен случај во семејството на бившата директорка и разбирливо дека истата не можела професионално да дејствува.Статутот е потрено да се усвои за да може училиштето нормално да функционира.

**Преседателот на совет** истакна дека се отвориле некои прашања и најдобро би било да дојде директорката и самата да објасни за настанатата ситуација.Потоа советниците може оваа точка да ја усвојат или да ја остават за следната седница кога и би имале појасни информации.

**Валентина Лазаревска** истакна дека таа како вработена во истото училиште е запознаена со следното.Во 2019 година настанла промена во Законот и тогаш се пристапило кон изработка на нов Статут кој што бил изработен од стручен тим во кој што била и самата советничка.Статутот тогаш бил испратен до Советот каде што бил уредно усвоен.Советничката истакна дека била изненадена од 16- та точка на Дневен ред затоа што знаела дека училиштето има Статут.Не била запознаена дека се барало од училиштето да се донесе нов Статут.

На училишен одбор Статутот е донесен на 24. 02. 2020 година а Советот го усвојил на 47 седница 29.04. 2021 год.По донесувањето на истиот и добивањето на позитивното мислење од советот должни биле од училиштето истиот да го проследат до МОН. Советничката истакна дека се уште не било доцна да се проследи истиот Статут.

Зеде збор **Секретарот на општина Анета Настеска** истата даде пример за да се појасни проблемот со добивањето на согласнот.На пример изјави таа, „доколку се бара позитивно мислење за плановите за вработување и истите не бидат навремено испратени од службите до соодветните институции во рок од 15 дена таа одлика се поништува“.Напомена дека овде се работело за сличен случај односно дека Училиштето не го испратило Статутот во временскиот рок.

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ** истакна дека сега била појасна причината за донесувањето на оваа точка,односно дека поминало многу време од усвојувањето на Статутот и за неспроведување на истиот до МОН.

**Валентина Лазареска** предложи оваа точка да се повлече од Дневен ред да се одржи комисија за Статут и прописи.Притоа да се доработеле некои работи во истиот Статут. На пр. во член 10 ,потоа во завршните одредби на Статутот и многу други работи требало да се комплетираат.

**Секретарот на општина Анета Настеска** објасни дека овој Статут не треба да се менува затоа што тоа не би било законски . Истиот требало да остане како што го усвојил училишниот одбор .Статутот истакна таа треба да остане ист а советниците имаат право да го усвојат или да не го усвојат, а немале право да го менуваат внатрешно.

**Валентина Лазаревска** напомена дека основач на училиштето е Општина Кичево и напомена дека многу работи требало да се сменат во Статутот. Советничката изјави дека таа како вработена во тоа училиште, како и наставениот кадар имаат право и треба да бидат запознаени што се случува во самото училиште.

**Виктор Алексоски** појаснува дека 15-та точка на Дневен ред е годишен извештај на училиштето „Кузман Јосифоски-Питу“ и дека тука ке биде присутна директорката Ирена Стојаноска. Директорката ќе им елаборира за точката па ако треба истата ќе биде повлечена.Предложи да не се дискутира затоа што поднесителот не е тука.

**Валентина Лазарескаа** истакна дека требало да се одржи Комисија и тогаш на советниците ќе им било појасно за што се работи.

**Иванчо Божиноски** предложи Дневнот ред да се усвоји и точката да останела во редовна процедура,а тоа не значело дека тие како советници ќе дадат позитивно мислење за Предлог статутот.Предложи директорот да биде присутен и да се изјасни а тие како советници ќе донесат заклучок за точката. Односно ако после тоа не се задоволни од добиените информации нема да дозволат точката да оди понатаму.

**Претседателот на совет** се сложи точката 16 да остане да се усвоји Дневниот ред па во текот на седницата ако не добијат советниците доволно информации истата ке се повлече.

**Претседателот на совет** предложи точка 12-та да се повлече од Дневен ред затоа што не соодејствува точката во Дневниот ред со содржината на истата во самите доставени материјали. **Претседателот на совет** точката 12 ја стави на гласање. 18гласа ЗА ,ПРОТИВ (нема) ВОЗДРЖАНИ ( 1).Напомена истото да влезе во записникот.

**Прретседателот на совет** ја повика директорката Ирина Стојаноска за да им ги разјасни прашањата на советниците во врска со 16 точка,усвојување на Статутот.

**Диреторката Ирина Стојаноска** ги поздрави присутните и изјави дека во месец 19-20.02.2024 год. во училиштето имало интегрална инспекција. Инспекцијата заклучила дека Статутот на училиштето не бил испратен до МОН.После инспекцијата училиштето го испратло Статутот до МОН а од таму добиле пропратно писмо со кое биле известени дека Статутот не бил направен согасно со Законот за Основно образование односно со новиот Закон и измените во истиот.Тие морале да ги направат измените и Статутот да го адаптираат спрема новиот Закон за Основно образование.Потоа истиот го доставиле до училишниот одбор на разгледување каде што таму бил одобрен.Следно истиот го испртиле до општина Кичево за да го одобри Советот и потоа навремено да биде испратен до МОН а од нив да добијат повратна информација.Директорката им предлжи на советниците доколку им се потребни документите и насоките од МОН каде што статутот е вратен таа ќе ги проследи до советниците тоа писмо било во архивата на училиштето.Истакна дека строго им било нагласено дека не било во согасност со Новиот закон за Образование.

**Валентина Лазареска** предложи точката да се одложи до наредната седница.За нарената седница советниците да го добијат и стариот Статут кој бил усвојен 2021 год.бидејќи промените на законот настанале во 2019 год.Советничката како вреботена во истото училиште не увидела дека нема

Статут или дека истиот не бил во согасност со измените со Новиот закон за Основно образование.

**Директорката Ирина Стојкоска** објасни дека интегралнта испекција нагласила дека Статутот не бил поминат во МОН и тоа стоело во забелешката на училиштето и дека училиштето не смее да функционира без верифициран Статут. Директорката во архива го пронашла Статутот кој не бил доврщен и исратен до МОН.

**Валентина Лазаревска** запраша како Статутот не бил доработен кога на 47 седница 2021 год во Советот се дало позитивно мислење за истиот,а имало и други советници кои биле присутни на истата седница и кои би потврделе дека тогаш било дадено позитивно мислење од Советот за самиот Статут.

**Директорката** повторно го повтори одговорот кој што училиштето го добило од МОН.Дека требало да се адаптира Статутот со новиот закон и дека тоа што се случува не било желба на директорката таа само постапува според насоките од Министерството за образование.

**Валентина Лазаревска** напомена дека Статутот требало сеуштее да се адаптира дека тука требало уште многу да се менува.

**Претседателот на совет** соопшти дека советничката Валентина Лазареска стои на ставот точката да се повлече а директорката Ирина Стојаноска стои на ставот точката да остане на Дневен ред затоа што тоа од нив го бара Министерството за образование .Овој предлог Претседателот на совет ќе го стави на гласање.

**Абдула Сејдини** истака дека образложението на директорката околу 16 точка и дилемата што ја имале околу Статутот на советниците им станала појасна.Советникот смета дека Статутот треба да се изгласа заради интегралните инспекциите кои што го задолжиле самото училиштето.Дека тука станувало збор за одлука која веќе била помината кај Училишниот одбор и дека како советници треба да дадат позитивно мислење и истото што поскоро да се испрати до МОН.Советникот предложи што поскоро Статутот да се испрати до МОН и понатака да нема вакви пропусти.Истакна дека негово мислење е да се усвоји.Пропустот го гледа во тоа што не се одржала

Комисијата за статут .Напомена дека е неопходно да се држат тие Комисии и таму да се дискутира за вакви работи.

**Михајло Данилоски** истакна дека како правник бил голем противник за донесување на одлуки без да се одржат комисиите .Затоа истиот предлага да се одржи комисија.Напомена дека ако се чекало за Статутот 6 месеци, можело да се почека уште една седница за да се одржи Комисијата за статут и тогаш да се одлучи.

**Претседателот на совет** смета дека точката треба да остане и предлогот го стави на гласање. Предлогот од советничката Валентина Лазаревска за да се повлече 16 точка од Дневен ред го стави на гласање.За истиот се гласаше со 5 ЗА ,ПРОТИВ ( нема)ВОЗДРЖАНИ(нема).

**Претседателот на совет** истакна дека 16 точка останува на Дневен ред.

**Претседателот на совет** запраша дали уште некој советник сака да дискутира за Дневниот ред.

Советникот **Агим САДИКУ** има Барање од страна на граѓани и не бил сигурен дали тоа Барање да оди под разно или како точка во Дневниот ред.Станувало збор за улица во Бичинци.Ситуацијата била толку алармантна што и самите граѓаните сакале да бидат присутни на седницата и да информираат за проблемот.Советникот прашува дали ова да оди под разно или како точка.

**Претседателот на совет** истакна дека тоа ќе оди под разно и дека истиот е запознат со таа ситуација.Напомена дека би било добро да дојде и Сабедин Емини и да ја објасни оваа ситуција.

**Претседателот на совет** го стави Дневниот ред на усвојување со адекватните измени без 12 точка.Дневниот ред се усвоји со ЗА 13,ПРОТИВ (нема), 7 ВОЗДРЖАНИ.

**Претседателот на совет** констатира дека дневниот ред се усвои.

**1.Прва точка** Предлог Годишна Програма за развој на Локалниот економски развој на Општина Кичево за 2024 година.

**Дарко Белевски** ја образложи Годишната Програма на ЛЕР и меѓудругото истакна за разликите од минатите години.Истакна дека сега постои нов стратешки документ .Притоа напомена дека мерките останануvале исти а различни биле средтвата кои се доделувале за одредени мерки и иститe би се реализирале со Годишната програма.Како и секоја година биле опфатени сите мерки кои биле во стратешкиот документ а тоа значело подршка на јавни здруженија и невладини организации со посебни потреби.Истакна дека имале финансирање на проекти што создавале конкурентност во економијата.Исто така тој нагласи дека тука биле и мерките која што секоја година ги спроведувале, а тоа е нови работни места во постојани фирми.

**Претседателот на совет** запраша дали има прашања за Дарко ,бидејќи немаше прашања Предлог Годишната програма ја стави на усвојување,ЗА 20 ПРОТИВ( нема) ВОЗДРЖАНИ нема.Првата точка е усвоена.

**2.Втора точка** Усвојување на Извештај за работата на ЈОУ Детска градинка„Олга Мицеска“ Кичево за 2023-2024 година.

Директорот **Садик Ахмети** во врска со извештајот за работата на ЈОУ„Олга Мицеска“ истакна дека Програмата била целосно испочитувана за 2024 год.Директорот напомена дека надвор од програмата имале Проект што ќе го реализираат а тоа е „Проектот на храната,да пораснеме и да живееме заедно“ Тука станувало збор за дечиња од три националности ,три различни храни,дружење во Кичевското кале и традиционални ора. Доклку има парашања диреторот им стои на располагање на советниците.

**Претседателот на совет** праша дали има прашање за директорот .Со тоа што советниците немаа прашања Скендер Џабири го пофали директорот за успешната работа на самата институција и втората точка ја стави на усвојување. ЗА 19 ПРОТИВ( нема), ВОЗДРЖАНИ( нема) .Се констатира дека вторат точка се усвои.

**3.Трета точка** Усвојување на Годишниот план за вработување за 2025 год. и балансер на ЈОУ Детска градинка„Олга Мицеска“Кичево.

**Директорот** зборува за планот за вработување за 2024 2025година.Истакна дека вработените односно персоналот во градинката биле распоредени во три сектори и тоа стручен,административен и даватели на услуги. Моментално имале 15 вработени и тоа 9 албанци,5 македонци и 1 турчин.Во врска со балансерот севкупно биле 7 вработени и тоа,3 албанци,3 македонци и 1 ром.

**Михајло Данилоски** напомена дека бројките во балансерот не се точни и запраша зошто бројките на балансерот се различни.Советникот го проверил денешниот баласер и истиот не се совпаѓал со сликата од добиениот материјал што го добиле советниците.

**Директорот** изјави дека според бројот на граѓани, баласерот дозволува 7 вработувања и тоа за 3 албанци, 3 македонци и еден ром и дека балансерот се изготвил во 6 месеец.

**Абдула Сејдини** во врска со претходниот говорник односно советник кој што сметал дека балансерот не бил точен, истакна дека новата Влада планира да го тргне балансерот и врботувањата ќе биле според согласност од Влада.Прашува што ќе се случува со планот и балансерот во врска со предвидениот план.

**Директорот** напомена дека законот за балансер е се уште во важност и дека тие го почитуваат а за во иднина не можеле со сигурност да знаат.Тие како институција ги почитуваат постоечките закони.

**Абдула Сејдини** коментира што ќе биде во иднина кога новата Влада планира да го укине балансерот кој што го штител правичната застапеност.

**Агим Садику** им сугерира на советниците да не дискутираат за законските измени кои следат и кои се уште не се донесени.Истакна дека тие како советници треба да дискутираат за предложената точка на Дневен ред односно да се работи според законот кој е во важност.

**Директорот** повтори дека тие како институција моментално работат со постечкиот закон **.**

**Претседателот на совет** тртата точка ја стави на усвојување ЗА 15,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(4),констатира дека третата точка се усвои.

**4.Четврта точка** Усвојување на Годишната програма за работа на учебната 2024-2025 год на ЈОУ Детска градинка„Олга Мицеска“

**Директорот** истакна дека во  програмата имале сеопфатена едукација, развој и грижа на децатата.Здрвавствена соработка, соработка со родители, соработка со локалната заедница.Исто така истакна дека постојат и проекти со ромската заедница а  имаат и Програма за деца со попреченост.Имале соработка со приватениот и бизнис секторот.Директорот истакна дека Програмата им е уредно доставена па ако имаат прашања тој е тука **.**

**Агим Садику** го праша директорот да ги каже  промените и разликите во Програмата спредено со претходните години.Дали во новата Програма има новитети или некои дополнувања. Односно дали Програмата е иста од минатата година или има новитети**.**

**Директорот** напомена дека нема голема разлика. Тие  со време биле известени  дека ќе имаат деца од ромската националност и тоа околу 10 дечиња.Минатата година тоа не функционирало  сега тоа било ново па ќе виделе како се тоа ќе функционира.Дали истите ќе достават целосна документација. Напомена  дека  во градинката не прифаќале деца кои не примиле вакцини. А како новитет би била Програмата со храна за децата.

**Претседателот на совет** 4 точка ја стави на усвојување ЗА 19,ПРОТИВ (нема) ,ВОЗДРЖАНИ(нема ).Се констатира дека точката се усвои.

**5.Точка** Усвојување на годишен извештај за работата на ОУ„Санде Штерјоски“ за учебната 2023-2024 година.

**Директорот Беким Јусуфи** истакна дека извештајот им е испратен електронски и дека истите најверојатно се запознаени со извештајот.Така да ако имаат некое конкретно праћање  тој е тука   за да одговори.

**Претседателот на совет** 5 точка ја стави на усвојување 19 ЗА, ПРОТИВ (нема) ,ВОЗДРЖАНИ( нема) .Се констатира дека точката се усвои.

**6.Точка** Усвојување на Годишна Програма за работа за учебната 2024-2025 на 00У„Владимир Полежиноски“Кичево

**Директорот Горан Карафилоски** ги поздрави присутните и истакна дека советниците уредно ги добиле материјалите дека ги разгедале и доколку имаат прашања тој е тука за да им одговори.

**Агим Садику** побара не само од овој директор туку неговото прашање важело и за сите директори.Сака да знае во кратки црти, директорите да им соопштат на советниците кои се новините во нивната Програмата и кои се новините во училиштата а истите да се различни од минатата година.

**Директорот** изјави дека во декември имале интегрална контрола каде што училиштето од едно ниво односно од добро преминало во многудобро.Добиле добра оценка за нивната работа.Контролата која што била во училиштето имала само две забелешки.И тоа во однос на библиотеката зошто не се водела електронски и имале голем број на изостаноци.Тука училиштето презело чекори за тие мали пропусти и успеале да ги решат.Директорот напомена дека на крајот од извештајот стоело што се се напрвило во училиштето. Акцентот како училиште го ставаат на усовшување на наставниот кадар. Тие секоја година сите заеднички носеле план за развој на наставниот кадар и истите сами си одбирале обуки.Без дополнителни трошоци на вработените обуките го правеле интерно така што во самото училиште доаѓале провајдери кои држеле обуки.

Вториот дел бил околу инфраструктурата каде што направиле големи промени.На училиштето му останало само да се среди подот,вратите и парното за затоплување.Проектот за енергетска ефикасност влезен бил во трета фаза.После секоја година се правело и анализа и во Годишната програма а акцентот бил ставен на критичкото размислување и слободоумното размислување на учениците односно истите да се потикнат и да бидат покреативни и поуспешни.

**Претседателот на совет** 6 точка ја стави на усвојување ЗА 19,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(нема) .Претседателот констатира дека се усвоји 6 точка.

**7.Седма Точка** Усвојување на годишниот извештај за работата на ООУ„ Владимир Полежиноски “Кичево за учебната 2023-2024. За оваа точка со оглед на претходниот исцрпен одговор советниците немаа прашања .

**Претседателот на совет** 7 точка ја стави на усвојување.За 19,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(нема).Се констатира дека 7 точка се усвоји.

**8.Осма точка** Усвојување на годишен извештај за работата на ЦОУ„Милто Гура“с.Стрелци за учебната 2023-2024 год

**9.Девета точка** Усвојување на годишен извештај за работата на цоу„Наим Фрашери„с. Јагол Доленци Кичево за учебната 1013-1014 година.

**Директорот Исмет Исмаили**. ги поздрави присутните и соопшти дека извештајот од училиштето „Наим Фрашери“ е изработено од страна на училишната администрација.Директорот напомена дека во извештајот биле опфатени повеќе нивоа и фази за развојот Истакна дека е постигнале целта во поглед на едукативниот и наставниот процес.Доколку имаат советниците прашање тој е тука за да одговори.

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ** со оглед на тоа што никој не зеде збор од советниците 9 точка ја стави на усвојување. 19 За, ПРОТИВ( нема) ВОЗДРЖАНИ( нема). Се констатира дека 9 точка се усвоји.

**10.Точка** Усвојување на Годишна Програма за работа на училиштето ЦОУ„Наим Фрашери“ за 2024-2025 година откако ја прочита точката Скендер Џабири му го постави прашањето од советникот Агим Садику да им ги соопшти новините во училиштето.

**Директорот** истакна дека Програмата за работа била изработена лично од него заедно со наставниот кадар и родителите и напомена дека нивната Програма е слична како и минатите години.Доколку законски требало да ја сменат тогаш тие ќе ја корегирале и надополнеле. Доколку некој има да праша тој е тука.

**Валентина Лазаревска** зеде збор каде што му пообјасни на директорот а и на сите присутни директори дека од оваа учебна година имало нов Правилник за изработка на Годишни програми.Во комисијата за

изработка на новиот Правилник повеќе немало родители туку дека има двајца претставници од стручните служби.тројца наставници од оделенска настава,тројца наставници од предметна настава и двајца номирани ученици од ученичкиот парламент.Ова таа го нарече и апел и до останатите директори односно им посочи дека има нов Правилник и напомена дека Годишните Програми треба да ги изработат и достават до 15 август.

**Претседателот на совет** и се заблагодари на советничката и за истата напомена дека е одговорна и совесна како и доста информирана во областа на образованието.

**Претседателот на совет** 10 точка ја стави на усвојување.ЗА19,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(нема).Се констатира дека 10 точка се усвоји.

Се враќаме на 8 точка поради доцнење на директорот.

**8.Осма Точка** Усвојување на годишен извештај за работата на ЦОУ„Милто Гура" с.Стрелци за учебната 2023-2024 година

**Директорот Кујтим Касами** истакна дека тие годишниот извештај го изготвиле и истиот на 02 .07.2024 год. бил усвојен од училишниот одбор.Потоа уредно го доставиле до Општинските органи.

Напомена дека имале 153 ученици со просечна оценка 3,96. По ова кратко известување директорот им рече на советниците дали имаат некои прашања и нејасни работи во врска со извештајот.

**Претседателот на совет** ја стави на усвојување точката 8 и истата се усвои со 19 ЗА,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(нема).Се констатира дека извештајот годишен се усвои.

**11.Единаеста точка** Усвојување на годишен извештај за роботата на ЦОУ„Реџо Рушит Зајази" с.Зајас. за уќебната 2023-2024 год

**Претседателот на совет** го опомена директорот за 12 точка за односно за материјалот што не соодејствуваше со точката за тој пропус го замоли да им објасни на советниците,напомена дека и претходниот пат му дале забелешка за доставување на материјалите .

**Директорот Насер Исмаили** истакна дека годишниот извештај бил испратен на време.Училиштето  функционирало  со 7 објекти 6 биле подрачни каде што учат ученици од прво до петто оделение. Додека во централното училиште учеле ученици од 6 до 9 одд. Диреторот се извини за доцнењето на Годишната Програма а причината била поради смртен случај во семејството.

**Претседателот на совет** му даде  време на директорот до 15 август да се дотави материјалот.

**Валентина Лазаревска** даде забелешка во однос на содржината формата и квалитетот на изработката на овој годишен извештај.Три години како тука ги носеле годишните извештаји а годишниот извештај за ова училиште„ Рељо Рушити Зајази“ било  потполно исто.Односно никаква промена немало во самиот извештај.Истакна дека целиот тим треба да има посериозен пристап и така да го изготват овој извештај.Советничката мисли дека  за овој извештај треба комплетна ревизија и корекција.Сите три години истото им било  укажувано .И таа  како советник истакна  дека  кога ги има овие точки од образование тука во Советот би требало да  биде присутен и Раководителот  на Секторот за образование.

**Претседателот на совет** и се заблагодари на советничката за овие добронамерни совети и забелешки кои биле на место.Истакна дека често се истакнувало и барало од директорите  да бидат попосветени  и поодговорни за нивната работа.Ова што директорите го доставуваат е  службен документ кој останува и затоа директорите треба да бидат поодговорни и посвесни. Забелешката била на место.Истакна дека   немало повеќе простор за вакви грешки.

**Претседателот на совет** 11 точка ја ставаме на усвојување.ЗА12, ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ 7.Точката се усвоји.

**13.Тринаеста точка** Усвојување на годишен извештај за работата на ЦОУ „Фаик Коница“ Грешница за учебната 2023-2024 година.

**Директорката Флорије Ќерими** истакна дека годишниот извештај за училиштето го испратиле на 27. 06. а истиот ден бил усвоен и на училишен

одбор.Во извештајот има неколку измени односно ги опфатиле сите точки и работи кои се завршени во училиштето.Другите работи ги имало во извештајот и ако има прашања таа им била на располагање.

**Претседателот на совет** 13 точка ја стави на усвојување ЗА 18 ,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(нема) .Се констатира дека 13 точка се усвоји.

**14.ЧЕТИРИНАЕСТА ТОЧКА** Усвојување на Годишен извештај за работата на ЦОУ„Христо Узунов“ с.Другово, за учебната 2023-2024 година.

**Директорката Билјана Ангелеска** истакна дека навреме го доставиле годишниот извештај за 2023-2024 год ,за централното училиште„ Хрисо Узунов“ Другово како и од двете подрачни училишта во Србјани и Брждани.Изјави доколку советниците имаат прашања таа е тука за да им одговори.

Претседателот на совет точката ја стави на усвојување. Усвојување. ЗА 19, ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(нема).Точката се усвоји.

**15.ПЕТНАЕСТА ТОЧКА** Усвојување на годишен извештај за работата на ООУ„Кузман Јосифоски-Питу“ Кичево за учебната 2023-2024 година.

**Директорката Ирина Стојаноска** истакна дека по електронска пошта бил доставен годишниот извештај за училиштето и во него советниците можеле да ги видат подготовките и условите за работа,подготвеноста на наставниот кадар годишните планирања и степенот на реализција.Се ова било наведено во извештајот.Доколку некој сака да праша нешто таа е тука за да одговори на нивните прашања.

**Претседателот на совет** ја стави на усвојување 15 точка.ЗА 12.ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ(5). Се усвоји 15 точка.

**16.ШЕСНАЕСТА ТОЧКА**. Усвојување на Статутот во ООУ„Кузман Јосифоски-Питу Кичево.

**Претседателот на совет** истакна дека за оваа точка доста се дискутирало на почетокот на седницата и дека е разјаснета

ситуацијата.Истата точка ја стави на усвојување ЗА 11, ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ (6 ).Се констатира дека точката се усвоји.

**17.СЕДУМНАЕСТА ТОЧКА**.Предлог Одлука за давање согласност за поднесување на Предлог за експропријација

Збор има претставникот на општината Александра Анаќиеска.

**Александра Анаќиеска** изјави дека општина Кичево од Советот на општина Кичево бара согласност за поднесување на Предлог за експропријација до надлежниот орган со цел да се остварела реализација за да се оствари ДУП за населба „Загорје“ и да се реализира отварање на нова улица.

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ** ја стави на усвојување 17 точка.ЗА 13,ПРОТИВ(нема),ВОЗДРЖАНИ (6.)

**18. Разно**

**Претеседателот на совет** напомена дека ова прашање посебно да се истакне во Записникот .

**Агим Садику** исто така како советник бара ова прашање да се истакне во записникот. Штета што не е присутен Сабедин Емини за да им разјасни подобро за настанатиот проблем.Сака да добие објаснување и сака да се преземат ургенти мерки за подобрување на ситуацијата.Појасни дека тука се работело за една улица во населба Бичинци каде што моментално се работела канализација,работата била прекината на терен и улицата била блокирана.Луѓето таму немале премин и не можеле да поминат а таа населба имала доста жители.Жителите бараат изведувачот да се повлече за да можат истите нормално да функционираат.Ситуацијата била алармантна до толку што и самите жители сакале да бидат присутни на седницата на Совет.Советникот ја презел таа одговорност, во нивно име да се среди ситуацијата.Советникот замолува ова да се проследи до надлежните органи до Општината и да се преземе ургентна мерка за да може луѓето да се движат и нормално да функционираат.

**Претседателот на совет** Истакана дека оваа пробематика е подолго време и после седницата да се појде кај Фисник кој е одговорен за канализацијата во цело Кичево и истиот да објасни што се случува и истото да го напишел писмено.

**Игор Стојаноски** истакна дека повторно зема збор за една иста проблематика. Односно по трет пат зема збор и тоа еднаш на 22 седница потоа на 28 седница .Исто за ова се дискутирало и на кординација каде што бил присутен и Тефик .Советникот чита исечоци од 23 записник и од 29 седница.Се работи за банерите кои што се истакнуваат за Добро дојде на нашите сограѓани односно печалбарите од странство.На 22 седница стоело во записникот дека **Игор Стојаноски** побарал банерите на кои пишува Дободојдовте печалбари кои се само на албански јазик, да се истакнат на македонски па и на турски јазик. За тоа се донесол Заклучок и истиот трбало да се направиво најкраток рок за да се испочитуваат сите луѓе кои живеат во Кичево и плаќале даноци.Тогаш **Претседателот на совет** побарал да се стави таа забелешка во Записникот и банерите покрај албански да бидат истакнати на македонски и на турски јазик.Советникот продолжи и кажа дека на 29 Седница на Совет бил присутен и самиот Градоначалник .Советникот повторно чита дел од записникот каде што самиот Градоначалник му рекол на советникот дека таа критика требало да ја слушне и општинската администрација и да го решат проблемот.Градоначалникот истакнал дека тоа требало да го направи општинска администрација и банерите да ги истакнат и на македонски и на турски јазик.Тогаш Претседателот на совет информира дека на таа седница се донесол Заклучок банерите да се изготват и да бидат на три јазици.Советникот истакна дека највисокиот орган односно Советот на општината,Претседателот на совет и Градоначалникот на општината се сложиле за оваа работа а некој не ја испочитувал.Сака посебно да влезе во Записник за следнта седница да добие на писмено и секој еден советник да добие на македонски и на албански јазик информација за тоа кој ги поставил банерите само на албански јазик. А втората работа истакна советникот што ја бара е иако иселениците веќе си заминуваат бара банерите да се заменат како што потврди Претседателот на совет и Градоначалникот на општината.

**Претседателот на совет** Истакна дека не бил присутен на таа кординација каде што бил Тефик а истиот му ги проследил овие

забелешки.Тој истиот проблем го проследил до Органите на општината од каде што добил одговор дека тие банери не биле поставени од Општината туку од Здружение на граѓани.Истакна дека ова му било укажано децидно од страна на Органите на општината. Барањето за следната седница односно писменото известување од органите на Општината тој се надева дека ќе добијат одговор на ова прашање.Претседателот истакна дека лично бил против секаква дискриминација било верска,расна или јазична.Но ако банерите се поставени од Здружение на граѓани, тогаш секое Здружение имало право да си постави на кој јазик сака.Општината не спречила никое здружение да постави банери.**Претседателот на совет** се надева дека до следната седница ќе имале и по писмен пат одговор.Истакна дека тука е присутен и **Секретарот на Општина Кичево Анета Настеска** која ќе им даде конкретен и писмен одговор на советниците.

**Игор Стојаноски** зема збор и повторно го цитира Градоначалникот„ за банерите критиката да ја слушне општинската администрација и истата да го реши проблемот" односно банерите да се постават и на македонски и на турски јазик.

**Претседателот на совет** напомена дека и тогаш бил присутен и побарал веднаш одговор кој глсел дека општината не била надлежна, и не ги поставувала тие банери туку Здружение на граѓани.

**Иванчо Божиноски** Постави прашање до претставниците на администацијата односно дали во јавниот простор ,пример го зеде „Булевар „за поставување на банери дали имало потреба од согласност или одобрение од Локалната самоуправа. А второто прашање кое советникот го постави и сака да знае е која била таа невладина организација што самоволно непочитувајќи го законот за употреба на јазици си зела за право да поставува банери .Што би било ако други Здруженија постават банер на друг јазик со друга содржина и дали ова не водело кон поправање на односите помеѓу етникумите во градот .Сака да знае дали треба да се има согасниот од Општина Кичево за поставување на вакви работи .Исто така сака да го знае името на невладината организација која секоја година поставува банери само на албански јазик.

**Секретарот на општина Анета Настеска** За поставување на банери била потребна согласност од оделението за Урбанизам и просторно уредување, а истото не се наплаќа.Доколку имало такво барање Секретарот ке ги информира советниците на следнта седница, односно кое Здружение имало поднесено такво барање.

**Претседателот  на совет** Истакна дека на следнта седница советниците треба  да бидат информирани за оваа проблематика.

**Претседателот на совет** ја затвори седницата во 12.30

**Записничар**

Флорика Манакоска Цветаноска

**Совет на Општина Кичево**

Претседател

Скендер Џабири